**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

Врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/2020) и член 36-ѓ од Статутот на општина Пробиштип („Службен гласник на општина Пробиштип“ бр. 4/05, 24/14, 29/15, 23/19 и 9/24, Локалното собрание на млади на општина Пробиштип објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

### I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Пробиштип, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РСМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет на општина Пробиштип.

Бројот на членови на младинскиот совет на општина Пробиштип изнесува 5 членови од кои најмалку 40 % припаѓаат на помалку застапениот пол.

Членовите на Локалниот младински совет на општина Пробиштип имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Изборот на членови на младинскиот совет на општина Пробиштип го прави Локалното собрание на млади, на непосредни избори со тајно гласање.

### II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Јавниот повик е отворен за претставници на: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на општина Пробиштип како и поединци кои имаат искуство со младински активности кои ги исполнуваат следните критериуми:

- **Да се активно вклучени во активности кои придонесуваат за развој и унапредување на заедницата на територијата на општина Пробиштип ;**
- **Да се жители на општина Пробиштип и да бидат на возраст од 15-29 години;**

### III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши електронски со поднесување на пријава која е составен дел на овој јавен повик, на следната емаил адреса:

info@probistip.gov.mk и на lokalnosobranienamladips@gmail.com со наслов: **ПРИЈАВА ЗА ЧЛЕН НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ**.

Апликантите задолжително треба да ги доставаат следните документи:

- Кратка биографија (CV) **(задолжително)**
- Мотивационо писмо за учество во Локалниот младински совет; **(задолжително)**
- Писмо за поддршка од младинска организација или организација за млади **(опционално)**

**Краен рок за аплицирање е 11.04.2025 година.**

Кандидатите кои поднеле уредни пријави ќе бидат поканети кратко да ја образложат нивната визија за учество во Советот, пред членовите на локалното собрание на млади на општина Пробиштип по што ќе следува тајно гласање за избор на членови на локалниот младински совет.

**Доставените пријави по истекот на рокот на Јавниот повик нема да бидат разгледувани.**

## IV. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел. **Ирена Бошкова 072264272 и Валентино Нанев 071226753.**

**Локално собрание на млади**
**Претседавач**

_____________________________